РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4183/1
30.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Прв дневен извештај на Агенцијата**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

Почитувани,

Согласно обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за Локалните избори 2025 година за 29 септември 2025 година.

На првиот ден од изборната кампања за Локалните избори, Агенцијата работеше на финализирање на мониторингот на медиумското покривање на периодот од распишување на изборите до започнување на изборната кампања, за што во наредните денови ќе биде подготвен и објавен посебен извештај. Истовремено, започна со спроведување на секојдневниот мониторинг на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања врз програмските сервиси на 11 телевизии кои емитуваат на државно ниво на македонски и/или на албански јазик (осум терестријални, два кабелски и еден сателитски сервис), и тоа: три сервиси од Јавниот радиодифузен сервис - МРТ1, МРТ2 и Собраниски канал (само бесплатно претставување, бидејќи ги реемитуваат вестите од МРТ1), и осум комерцијални сервиси - ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М; ТВ 24 Вести и ТВ Шења. За останатите радиодифузери, Агенцијата ќе постапува по претставки.

На 29 септември 2025 година, започна и мониторингот на платеното политичко рекламирање (ППР) кај сите радија и телевизии кои се регистрирани во ДИК. Во текот на мониторингот ќе биде евидентирано вкупното емитувано ППР на секој програмски сервис и ќе се прави споредба со податоците од дневните медиа планови што ќе ги доставуваат радиодифузерите. За евентуалните грешки во медиа плановите, радиодифузерите ќе бидат навреме информирани.

До сите радиодифузери беше испратен допис со потсетување за обврските од Изборниот законик што ги имаат во периодот на кампањата. Дописот е објавен на веб страницата на Агенцијата, во посебниот банер со материјали за Локалните избори 2025.

Воедно, Ве известуваме дека на 29 септември, кон Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми пристапија Група избирачи - Енис Демиров и Група избирачи - Кети Сталеска, откако на 26 септември

Координативното тело за Кодексот им го испрати документот на сите субјекти со потврдени кандидатски листи и ги повика да пристапат.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ